Здружение на класични филолози АНТИКА

# *Aula*: Потрага по богатството на јазикот, мислата и културата

## Зборник во чест на Маргарита Бузалковска–Алексова по повод пензионирањето

# Aula: The Quest for the Treasures of Language, Thought and Culture

## Studies Presented to Margarita Buzalkovska–Aleksova on the Occasion of Her Retirement

Систасис Посебно издание 4
Скопје, 2018

Systasis Special Edition 4
Skopje, 2018

*Уредници / Editors in chief*

**Весна Димовска-Јањатова / Vesna Dimovska-Janjatova**
**Елена Џукеска / Elena Džukeska**

*Меѓународен уредувачки одбор / International Editorial Board*

Проф. **Жан-Жак Обер**, Универзитет во Нојшател, Швајцарија

Проф. **Мирена Славова**, Универзитет „Св. Климент Охридски“, Софија, Бугарија

Проф. **Бјанка Жанет Шредер**, Универзитет „Лудвиг Максимилијан“, Минхен, Германија

Проф. **Елена Ермолаева**, Државен универзитет во Санкт Петерсбург, Русија,

Проф. **Хозе Мигуел Хименес Делгадо**, Универзитет во Севиља, Шпанија

Проф. **Марија Чичева-Алексиќ**, Институт за старословенска култура, Скопје, Македонија

Доц. **Шиме Демо**, Универзитет во Загреб, Хрватска

Доц. **Драгана Димитријевиќ**, Универзитет во Белград, Србија

Доц. **Даниела Тошева**, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, Македонија

Доц. **Светлана Кочовска-Стевовиќ**, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, Македонија

**Слободан Танасковски**, секретар

Prof. **Jean-Jacques Aubert**, University in Neuchâtel, Switzerland

Prof. **Mirena Slavova**, St. Clement of Ohrid University in Sophia, Bulgaria

Prof. **Bianca Jeanette Schröder**, Ludwig Maximilian University in Münhen, Germany

Prof. **Elena Ermolaeva**, Saint Petersburg State University, Russia

Assoc. Prof. **José Miguel Jiménez Delgado**, University of Seville, Spain

Prof. **Marija Čičeva-Aleksiḱ**, Institute of Old Church Slavonic Culture, Skopje, Macedonia

Assist. Prof. **Šime Demo**, University in Zagreb, Croatia

Assist. Prof. **Dragana Dimitrijević**, University in Belgrade, Serbia

Assist. Prof. **Daniela Toševa**, Ss. Cyril and Methodius University in Skopje, Macedonia

Assist. Prof. **Svetlana Kočovska-Stevoviḱ**, Ss. Cyril and Methodius University in Skopje, Macedonia

**Slobodan Tanaskovski**, secretary

*Лектура на текстовите на македонски јазик /*
*Proofreading of Macedonian texts*

Проф. **Наталија Андријевска**,
Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“

Prof. **Natalija Andrijevska**,
Institute of Macedonian Language, "Krste Misirkov"

*Превод на англиски јазик*
*(предговор, биографија на проф. д-р Маргарита Бузалковска-Алексова) /*
*English translation*
*(Foreword, Biography of Professor Doctor Margarita Buzalkovska-Aleksova)*

**Марија Џонс / Marija Jones**

*Библиографија на проф. д-р Маргарита Бузалковска-Алексова /*
*Bibliography of Professor Doctor Margarita Buzalkovska-Aleksova*

**Слободан Танасковски / Slobodan Tanaskovski**

*Техничко уредување / Layout editing*

**Владимир Сидоровски / Vladimir Sidorovski**

# Содржина


| | |
|---|---|
| Предговор | vii |
| Foreword | xi |
| Биографија на проф. д-р М. Бузалковска-Алексова | xv |
| A Biography of Professor Doctor M. Buzalkovska Aleksova | xvii |
| Библиографија на проф. д-р М. Бузалковска-Алексова | xix |

Aleksandar Loma
Thraco-Iranica: The Getan king's name *Charnabon* 1
Rupert J. E. Thompson
A note on Eteocretan *phi* or *koppa* 29
Весна Димовска-Јањатова
За македонските феминативи на nomina agentis et professionis од латинско потекло 39
Марија Чичева-Алексиќ
Развој на значењето 'простува' кај припадници од лексичко- семантичката група ἱλαος- 53
Јасминка Кузмановска
Τελεσιάς – *танц со оружје* –лексичка студија 82
Elena Džukeska
On the compounds with *αὐτός* in Mycenaean and Post-Mycenaean Greek 100
Dragana Dimitrijević
Rethinking Cicero's phrase *cum dignitate otium* 118
Vesna Kalpakovska, Anica Ǵorǵievska, Engin Nasuh
Fragmentary inscriptions from Heraclea Lyncestis 131
Витомир Митевски
Осврт кон некои типични броеви во античката, византиската и македонската епска поезија 140
Jean-Jacques Aubert
L'hystérie : à propos d'un poème de Martial 146

Невена Панова
Къде се крият преводачите? Върху свидетелства от старогръцката литература за езиковите различия, тяхното осмисляне и преодоляване 166
Jadranka Bagarić
Žena u latinskim i u hrvatskim stihovima Đura Hidže 176
Даниела Тошева
Ибик: Ода за Поликрат 198
Valentina Gulevska
Eschatological issues in the philosophy of Saint Maximus the Confessor 227
Ана Димишковска
Линијарот од Лезбос: Аристотел за односот на праведноста и правичноста 239
Јасмина Поповска
Поимот φρόνησις во контекст на Аристотеловата етика 261
Марија Тодоровска
Концептот за бог кај Апулеј 277
Стефан Пановски, Војислав Саракински
Меѓу мечот и перото: македонската фаланга и нејзиното историографско бреме 298
Татјана Филиповска
Класичната митологија како еротски инпут во европската уметност 330
Лидија Ковачева
Чумата во древните митологии и античките извори и во македонското духовно творештво 368
Маја Ангеловска-Панова
Римските матрони и идеологијата на ранохристијанското монаштво 383

SYSTASIS ISSN 1857-5129
• Е-списание на Здружението на класични филолози „Антика“

УДК: 94(381)
355.48(381)

# Меѓу мечот и перото: македонската фаланга и нејзиното историографско бреме

**Стефан Пановски**

Институт за национална историја, Скопје

noxdiaboli@yahoo.com

**Војислав Саракински**

Институт за историја, Филозофски факултет

polemokles@fzf.ukim.edu.mk

## АПСТРАКТ

Во хеленистичко време, македонската фаланга добива углед на слабо подвижна и ранлива формација, чиј евентуален успех премногу зависи од карактеристиките на теренот за да може да биде рамноправен противник на флуидните и флексибилни римски легии.

Впечатокот за инфериорноста на фалангата наспроти легијата се темели не само врз исходот од битката кај Пидна туку во еднаква мера и врз деталната споредбена анализа на Полибиј, кој ги разгледува особеностите и разликите меѓу легијата и фалангата во контекст на битката кај Киноскефала. На прв поглед, анализата на Полибиј се чини логична и целосно издржана; во неа се вешто изложени и образложени слабите страни на фалангата, односно предностите на римската легија и причините за постојаните порази на хеленистичките војски. Сепак, ако темелно се анализираат

случувањата кај Аојските Теснини и кај Атраг, како и одредени епизоди од битките кај Селасија, Киноскефала и Пидна, се добива впечаток дека толкувањето на Полибиј ниту е сосем убедливо, ниту пак целосно соодветно. Неспорно е дека римската војска била понадмоќна од војските на хеленистичките кралства: војните од II век ст. е. сосем јасно и недвосмислено го докажуваат тоа. Но, главното прашање се состои во нешто друго: дали главната причина за постојаните порази на хеленистичките војски треба да се бара во несоодветноста на фалангата, односно во нејзината инфериорност наспроти римските легионери – особено кога во изворите јасно се гледа дека таа не била ниту толку трома, ниту толку беспомошна колку што е претставена кај Полибиј.

Проблемот е во тоа што и Полибиј, и најголемиот дел од денешните историчари ја идентификуваат македонската фаланга – која била само дел, иако несомнено најважен дел, од македонската војска – со севкупната војска; во битките што ги анализираме, легиите не ја збришале фалангата, туку – македонската војска. Причините за постојаните порази на хеленистичките држави не треба да се бараат во фалангата како формација, туку поскоро во составот на нивните војски, а особено во тактичките принципи на нивните војсководци. Земена во целина, македонската војска се покажала несоодветна и неспособна да се приспособи на римскиот систем на манипули. Токму тука лежи и најголемата слабост во анализата на Полибиј, кој заборава дека македонската фаланга не е еднозначна со македонската војска. Ако сакаме да ги најдеме причините за постојаната подреденост на хеленистичките војски во однос на легиите, неопходно е да го свртиме погледот од фалангата кон другите родови и делови од хеленистичките војски.

*Клучни зборови: фаланга, легија, историографија, Аој, Атраг, Киноскефала, Пидна.*

## 1.

На 22 јуни 168 г.[1] македонската војска претрпела катастрофален пораз кај Пидна. Според изворите, Македонците загубиле повеќе од 20.000 војници, а со оглед на текот на битката, податокот не е неверојатен[2]. Придобивките од внимателно осмислената програма за преродба на македонската воена моќ – што ја започнал Филип V по Киноскефала, а потоа ја продолжил и Персеј – биле целосно избришани за одвај еден час. Згора на сѐ, токму фалангата – најпрепознатливиот и ударен дел од војската на Антигонидите – ги претрпела најтешките загуби и била фактички уништена. Во одредена мера, токму поради овие загуби, но уште повеќе поради текот на битката, хеленистичката фаланга добила углед на гломазна и ранлива формација, чиј евентуален успех е претерано условен од карактеристиките на релјефот за да може да биде рамноправен противник на флуидните и флексибилни легии. Не случајно, Ливиј ги лоцира причините за победата во недостатоците на фалангата (44.41.6 *ad fin.*):

> „Најочигледна причина за победава беше тоа што во исто време се одвиваа повеќе помали судири: тие најпрвин ја разбрануваа фалангата, а најпосле и сосем го разбија нејзиниот строј. Кога е збиена, со издадени копја, фалангата има сила што не се споредува со ништо друго; но, ако се нападне на неколку места во исто време, војниците мораат да се свртат на различни страни – во што им пречат долгите и тешки копја – па почнуваат да се удираат едни од други и стројот им се

[1] За сите датуми се подразбира ст. е., освен ако не е одбележано поинаку. Прашањето за датумот на затемнувањето на Месечината – а со тоа и за битката кај Пидна – долго време беше, а повремено и сѐ уште е предмет на дискусии и несогласувања, но веќе може да се смета за затворено. За најважната литература за ова прашање, *v.* Walbank (1979), 386 (понатаму: Walbank *HCP III*); Briscoe (2012), 584–585 (понатаму: Briscoe *C4*).

[2] Најважни извори за битката кај Пидна се Ливиј (44.17–18, 20–21, 28, 32–46; 45.4–8) и Плутарх (*Aem.* 10–27). За жал, приказот на Полибиј (29.14–18) е премногу фрагментарен (*v.* Walbank *HCP III*, 378–393). За другите извори, *v.* Will (1982), 278.

> распаѓа; уште ако од страните или одзади се рашири некаков боен клик, тогаш навистина тонат во неред. Така и во оваа прилика, Римјаните напаѓаа од повеќе места во исто време; фалангата требаше да им застане на пат, па токму затоа се распадна и нејзиниот боен ред, а како што се отвораа празнини, Римјаните подготвено влегуваа во нив. Да удреа челно, во добро и цврсто построена фаланга – како што на почетокот од битката направија Пелигните, кои се судрија со лесната пешадија – Римјаните ќе се набодеа на копјата и не ќе можеа да го одржат сопствениот ред.“

Заклучокот на *Ливиј* всушност се засновува врз прилично деталната споредбена анализа кај Полибиј, кој ги разгледува особеностите и разликите меѓу легијата и фалангата во контекст на битката кај Киноскефала (18.28–32, *exc.*):

> „(...) Бидејќи македонскиот боен ред многупати во минатото се докажал на дело и ги разбил сите други војски и во Хелада, и во Азија; стројот на Римјаните се покажал подобар од другите на западот и во Либија; а во наше време не еднаш, туку многупати се случи да застанат едни спроти други двата строја и нивните војници – ценам дека е добро да се испита разликата меѓу нив, како и прашањето зошто Римјаните победуваат во овие судири. (...) Кога фалангата личи на себеси, кога располага со сета своја сила – нема војска што може да достои и да го одбие нејзиниот удар. За ова има повеќе причини. Во затворениот боен ред на фалангата, секој борец со оружјето зазема простор од три стапки. Копјето порано беше долго шеснаесет лакти, а денес е донекаде приспособено кон потребите, но повторно е долго четиринаесет; од ова ќе одземеме четири лакти за растојанието меѓу рацете и за должината на противтегот на шилецот; излегува дека копјето мора да досега десет лакти пред секој борец што јуриша држејќи го со двете раце. Токму поради ова, копјата од вториот, третиот и четвртиот ред ги надвишуваат борците од првиот ред повеќе

одошто копјата од петтиот ред; од нив се гледаат само два лакти кога фалангата е збиена и по должина и по ширина (...).

Човек лесно може да си ги претстави ликот и силата на фалангата длабока шеснаесет реда. Кога напаѓа, оние што стојат поназад од петтиот ред воопшто не допираат до борбата, па ги држат копјата над рамењата на борците пред нив, со што го штитат стројот одозгора и со копјата ги запираат стрелите што летаат преку првите редови и можат да ги погодат борците зад нив. Со тежината на телата, пак, ги притискаат редовите пред нив и му даваат сила на нападот – но, во исто време, им пречат на борците што се напред да се свртат на друга страна.

Така е распоредена фалангата во целост и секој борец поединечно; а сега треба да се каже и некој збор за римскиот строј и неговата спрема, како и за својствата со кои се разликува од македонскиот. И римскиот борец со оружјето зафаќа три стапки простор, но кај Римјаните секој борец се движи самостојно и засебно – зашто мора да се брани со штитот и да се врти кон страната од која го удираат, а со мечот и да удира, и да боде. Затоа римскиот строј мора да е редок, а за да има некаква полза од борците, меѓу нив мора да има по три стапки простор и по должина и по широчина. Еден римски борец стои наспроти двајца фалангити од првиот ред, па всушност се бори против десет копја; сосем е јасно дека еден човек не може да ги исече сите десет шилци, а не може ниту да ги потисне, особено зашто борците зад него не му помагаат ниту во притисокот, ниту во борбата со меч. Поради сево ова – како што кажав погоре – никој не може да издржи челен напад на фалангата сè дури таа ги чува својствениот поредок и силата.

Причината за тоа што Римјаните победуваат, а оние што користат фаланга нижат порази, е тоа што во војна никој не ги знае однапред временските услови и местото на битката – а фалангата најдобро се бори на

само еден вид терен, и само при одредени временски услови. Ако непријателот ги прифати времето и местото што ѝ погодуваат на фалангата, оние што користат фаланга секојпат ќе победат. Секој знае дека на фалангата ѝ треба отворен, рамен терен, без ровови, клисури, засеци или високи речни брегови, зашто ваквите пречки можат да го разбијат нејзиниот ред. Јасно е и тоа дека е мошне тешко – ако не и невозможно – да се најде терен широк дваесет стадии без никакви пречки и прегради. Но, да кажеме дека се нашол таков терен; ако непријателите не слезат таму, туку тргнат да ги пљачкаат градовите и сојузничката земја, што вреди тогаш фалангата? Ако остане на местото што ѝ погодува, ниту ќе може да им помогне на сојузниците, ниту пак самата себе да се избави, зашто непријателот ќе загосподари над околината и ќе ѝ го прекрати дотурот на храна; ако, пак, го напушти местото и ако почне некакви дејствија, непријателот лесно ќе ја совлада. Дури и ако некој слезе на рамно, но не ја изложи целата војска пред фалангата, туку зачува мал дел од силите надвор од битката – од она што го направија Римјаните во овој судир, веќе е јасно што ќе се случи.
Ова што го тврдам не произлегува од некакви начелно изведени докази, туку токму од минатите случувања. Имено, Римјаните не го стројат својот поредок рамно со непријателскиот и не удираат врз фалангата одеднаш и челно, туку држат дел од борците настрана, а другиот дел се бори против непријателите. Без оглед дали фалангитите ќе ги притиснат непријателите, или пак самите ќе бидат притиснати, особениот поредок на фалангата се разбива, а ако почне и потера, фалангитите излегуваат од стројот и им го препуштаат местото на резервите на непријателот, кој веќе не удира врз нив челно, туку и отстрана и од зад грб. Лесно е да се избегнат условите што ѝ погодуваат на фалангата, а обратното е, пак, тешко; штом нештата стојат така, како може да нема

> голема разлика меѓу овие два строја? Оние што користат фаланга треба да минат различни предели, да поставаат логори на различни терени, да зафаќаат поволни места пред непријателот, да опсадуваат, да бидат под опсада, да налетуваат на непријателот ненадејно; сето ова е дел од војувањето и има удел во победата, некогаш голем, а некогаш и пресуден. Во сиве овие нешта, македонскиот поредок придонесува малку или воопшто не, зашто фалангитот не може да се бори ниту во одред, ниту сам за себе. Римскиот поредок е згоден: откако ќе се вооружи и ќе влезе во бој, секој борец еднакво се приспособува на секаков терен, на секое случување и на секаков напад од која било страна; еднакво е подготвен да се бори со целата војска, со дел од војската, во манипула или сам за себе, па затоа и крајниот исход во многу битки сосем се поклопува со она што Римјаните го замислиле.
> Мислев дека за ова треба да се проговори повеќе, зашто многу Хелени, иако слушнаа за македонскиот пораз, никако не можеа да поверуваат во веста, а и во иднина многумина ќе се прашуваат зошто фалангата ниже порази од римското оружје.“

Анализата на Полибиј е особено важна – не само зашто имал значително практично искуство во воените прашања туку и зашто бил современик на настаните и, всушност, во 169 г. имал прилика со свои очи да ја види римската војска што идната година ќе го разгроми Персеј кај Пидна[3]. Нема многу да згрешиме ако кажеме дека впечатокот за инфериорноста на фалангата наспроти легијата се должи не само на исходот од битката кај Пидна туку во еднаква мера и на анализата на Полибиј, која ќе има големо влијание врз современите историчари. Навистина, на прво читање анализата

[3] Кус преглед на животниот пат на Полибиј дава Walbank (1957), 1–6 (понатаму: Walbank *HCP I*). Како хипарх на Ахајскиот сојуз, Полибиј бил пратен кај Маркиј Филип во 169 г., токму додека консулот ја префрлал војската од Перајбија (Азорион и Долиха) до Хераклејон, па и самиот учествувал во опасниот потфат (Pol., 28.12.–13). *V.* Pédech (1969), 256 *sqq.*; Walbank *HCP III*, 344–348.

изгледа логична и целосно издржана: недостатоците на фалангата, односно предностите на римската легија и причините за постојаните порази на хеленистичките војски се вешто изложени и образложени[4]. Сепак, на следниве неколку страни ќе се обидеме да покажеме дека прегледот на Полибиј не е ниту толку убедлив, ниту пак толку соодветен како што изгледа. Притоа, нашата цел не е да го оспориме тврдењето дека римската војска била понадмоќна од хеленистичките – војните од II век сосем јасно и недвосмислено го докажуваат тоа; поскоро, прашањето е *дали главната причина за постојаните порази на хеленистичките војски треба да се бара во несоодветноста на фалангата*, односно во нејзината инфериорност наспроти римските легионери.

## 2.

За разлика од бојната сезона во 199 г., која ја минал во постојана стратегиска дефанзива[5], Филип решил следната година да ја преземе иницијативата, па со целата војска се утврдил во теснините кај реката Аој. Доаѓањето на Филип и утврдувањето на преминот ги опишува Ливиј – иако, за жал, со нему карактеристичната скудност во описот на топографските детали (32.5.9–13)[6]:

> „Како и за секоја претходна војна, и за оваа кралот се подготвуваше темелно и внимателно; добро ги спреми за борба не само Македонците туку и платеничките одреди. Штом запролети, го прати Атенагора на чело на туѓинските помошни одреди и на лесната пешадија низ Епир кон Хаонија за да го освои преминот близу Антигонеја, што Хелените го нарекуваат Стена, 'Теснини'. По неколку дена им се

[4] Анализа на екскурсот кај Walbank (1967), 585–591 (понатаму: Walbank *HCP II*).

[5] За дејствијата во 199 г., *v.* Walbank (1940), 141–148; Hammond *in* Hammond & Walbank (1988), 422 *sqq.* (понатаму Hammond *in HM3*); *cf.* Eckstein (1976), 126 *sqq.*

[6] За топографските проблеми во врска со битката кај Аојските Теснини, *v.* Hammond (1966), 39–54; id. (1971), 112–115. За постарата литература и различните мислења, *v.* Walbank (1940), 149 n. 1. *& sqq.*

> придружи и тој со тешките оруженици и, откако внимателно ја разгледа целата околина, просуди дека најпогодно за утврдување е едно место пред коритото на Аој. Оваа река тече низ тесна клисура меѓу две планини, кои месното население ги нарекува Мероп и Аснај, а веднаш до коритото има тесна патека. Кралот му порача на Атенагора да го освои Аснај и да се вкопа со лесната пешадија, а самиот постави логор на Мероп. Онаму каде што имаше стрмни карпи, оставаше посади со по само неколкумина војници; местата, пак, што не беа толку безбедни ги утврдуваше со ровови, насипи или со стражарски кули. На погодни места распореди поголем број стрелни справи, чии истрели требаше да го држат непријателот на оддалеченост. Кралскиот чадор беше поставен пред ровот, на највидната височинка, со цел на непријателите да им влее страв, а на кралевите војници – надеж и самодоверба.“[7]

Поставеноста на нештата сведочи дека Филип сакал да ги спречи Римјаните повторно да ја нападнат Македонија по патот по кој претходната година се пробил Галба (зашто, во тој случај, логистичката линија на Римјаните би била ранлива преку можен македонски напад од југ), а со тоа и да го спречи координираното дејствување на легиите со Илирите и Дарданците на север, или пак со Ајтолците и Аминандар во Тесалија[8]. Конзулот Вилиј постапил токму онака како што се надевал Филип[9]; но, тоа е сè што успеал да направи, зашто неговиот наследник Фламинин не ја покажал истата обѕирност кон него каква што покажал тој кон Галба[10]:

> „Епирецот Хароп му дојави на конзулот кои премини се запоседнати од кралот и неговата војска; а конзулот,

[7] *Cf.* Briscoe (1973), ad loc. (понатаму Briscoe *C1*).

[8] Hammond *in HM3*, 423 *sqq.*; Eckstein (1976), 127.

[9] *Cf.* Walbank (1940), 151.

[10] За отстапувањето на римскиот календар во овој период, *v.* Derow (1976), 265–281.

> кој зимуваше на Коркира, веднаш штом запролети, се префрли на копното и поведе војска против непријателот. Кога наближи на пет милји до логорот на кралот, ги остави легиите на добро заштитено место, а самиот продолжи со неколку лесни одреди за да ја извиди околината. Следниот ден се советуваше: дали да се обиде да го нападне преминот што го држат непријателите, па така да мине низ него наспроти огромните тешкотии и опасноста, или пак да ја поведе војската по заобиколниот пат по кој претходната година Сулпикиј влезе во Македонија. Додека го промислуваше ова во текот на неколку дена, пристигна гласник со вест дека Тит Квинктиј станал консул и дека за провинција ја добил Македонија, па сега брза да ја преземе и веќе е на Коркира. Валериј Антијас раскажува дека Вилиј влегол во клисурата и го следел долот низ кој тече реката Аој, зашто кралот ги затворил сите приоди, и немало никаква можност за непосреден удар однапред; потоа набрзина поставил мост, минал на спротивниот брег каде што се наоѓал логорот на кралот и го нападнал; силите на кралот биле разбиени и натерани во бегство, а останале и без логор. Во оваа битка паднале дванаесет илјади, а биле заробени две илјади и двесте непријатели; биле пленети 132 бојни знамења и 230 коњи, а бил положен и завет дека, ако сè оди како што треба, ќе му биде посветен храм на Јупитер. А другите хеленски и римски писатели чии дела успеав да ги исчитам тврдат дека Вилиј не направил ништо достојно за спомен и дека целата војна ја почнал неговиот наследник, консулот Тит Квинктиј“ (Liv., 32.6).

Како и да е, промената на заповедникот не значела и промена на стратегијата, зашто и Фламинин заклучил дека е премногу ризично да го повтори походот на Галба сè дури Филип е поставен кај Аојските Теснини. Можеби зашто немал избор, или пак поради преголема самодоверба (особено зашто донел и засилување од приближно девет илјади војници), Фламинин се решил за

фронтален напад; притоа, претрпел големи загуби, зашто од крилните позиции Римјаните биле изложени на истрелите од македонската артилерија, а пак во центарот едноставно не можеле да ја пробијат фалангата[11]. На крајот, како и во безброј други битки во навидум непристапни и неосвојливи теснеци и премини, месното население му помогнало на Фламинин да ги заобиколи позициите на Филип и неочекувано да ги нападне Македонците од зад грб. За она што уследило најопширно пишуваат Ливиј (32.11–13.1) и Плутарх; иако двајцата се служеле со приказот на Полибиј, нивните прикази значително се разликуваат, што може да се должи на некој аналист чиј приказ исто така бил користен од Ливиј[12]. Иако покус, приказот на Плутарх е потрезвен и урамнотежен:

> „Откако ги испрати луѓево, следните неколку дена Тит ја одмораше војската и ги вознемируваше непријателите само со повремени истрели; дента, пак, кога оние што одеа одоколу требаше да се појават на височините, на изгрејсонце ја придвижи целата лесна и тешка пешадија, па откако ја подели војската на три дела, самиот ја поведе главнината по тесната патека крај реката, под удар на Македонците, кои му се испречуваа на секое непристапно место; другите два дела, од двете страни, држеа чекор со него и ги заземаа стрмнините. Сонцето изгреа, а со него се крена и првиот чад, не сосем јасен и забележлив, туку поскоро налик на планинска магла; непријателите не го забележаа, зашто веќе беа качени горе, и им доаѓаше од зад грб, а Римјаните сè уште имаа сомнежи, но и надеж дека со напорна борба ќе го добијат она што го посакуваат. Набргу чадот се засили, се згусна и почна да го темнее воздухот; Римјаните сфатија дека тоа е знакот што го чекаат, па

[11] Plut., *Flam*. 4.1–2.

[12] За разликите меѓу приказите на Плутарх и Ливиј, *v*. Hammond (1966), 52 n. 38, со поправките на Briscoe *C1*, 187 *sqq*. Други извори во кои се спомнува или накусо се опишува битката се Enn., *Ann*. 334 *sqq*.; App., *Mak*. 6; Zon., 9.16.1; Ps.-Aur. Vict., *De vir. ill.* 51.1.

> удрија со силен борбен клик и ги притиснаа непријателите кон најстрмните места; со кликање возвратија и оние што се наоѓаа одзади.
> Сите се втурнаа да бегаат, но паднаа не повеќе од две илјади, зашто неповолниот терен ја спречуваше потерата. Римјаните запленија пари, чадори и прислужници, ги запоседнаа тесниниите и минаа низ Епир во таков поредок и со толкава воздржаност што – иако беа далеку од морето и корабите, не го имаа добиено месечното следување жито, а немаа ниту од каде да купат – не ја ни допреа земјата што нудеше обилни богатства“ (*Flam*. 4.4–5.1).

На прв поглед, судирот кај Аојските Теснини го потврдува толкувањето на Полибиј: сѐ дури се борела на поволен терен, фалангата претставувала речиси непробоен бедем. Но, за нашава проблематика се поинтересни настаните по поразот, односно повлекувањето на македонската војска.

Имено, Ливиј зборува за општа паника и бегство на целата војска во неред, случување што е делумно поткрепено и кај Плутарх. Сепак, двајцава се согласуваат дека Филип имал сразмерно мали загуби, односно не повеќе од две илјади војници. Бројката е изненадувачка, ако се земе предвид дека теснината во која се наоѓала фалангата не давала можност за брзо повлекување[13]; згора на тоа, одредите на височините или веќе избегале, или пак биле потиснувани од Римјаните. Објаснувањето на Ливиј и Плутарх – дека Римјаните не можеле целосно да ја разбијат македонската војска поради неповолниот терен – не изгледа убедливо, барем во однос на фалангата. Податокот дека теренот не бил погоден за легионерите, кои биле во потера, а им овозможувал на фалангитите да побегнат, изгледа бесмислено[14]: напротив, би го очекувале токму спротивното.

[13] *Cf.* Liv., 32.12.3: „…но, откако претрпеа големи загуби во мртви и ранети, војниците на кралот се збија на погодни и добро утврдени места, па сега Римјаните се најдоа во неприлика, зашто напредуваа по *непристапен терен, кој беше премногу тесен за повлекување*“. *Cf.* Walbank (1940), 153 n. 1.

[14] Liv., 32.12.5–7: „Дел од нив се распрсна во бегство, а повеќето останаа не зашто имаа храброст за битка, туку зашто немаа каде да избегаат; овие

Згора на тоа, не треба да се заборави дека фалангата била распоредена во низинскиот дел, каде што можела да биде и најефикасна. Освен ако не претпоставиме дека, наспроти здравиот разум, фалангитите тргнале да бегаат кон височините од каде што притискале Римјаните, тогаш мора да се прифати дека се повлекувале по низината – па немало причина зошто римската коњица и легионерите не би можеле да ги гонат. Истово произлегува и од податокот дека Филип, откако се повлекол околу осум километри, почнал да ја собира „распрснатата војска *од секоја долина и височина*" (32.12.8). Всушност, на Ливиј му се провлекува уште еден податок што навестува дека повлекувањето на македонската војска било поорганизирано одошто изгледа: „Од сета војска, [кралот] не загуби повеќе од две илјади луѓе; сите други, *како да следат некој договорен знак, се собраа* и во густа поворка се упатија кон Тесалија"[15].

Дека фалангата се борела успешно и се повлекла организирано, сведочи и пофалбата на Филип во говорот непосредно пред Киноскефала: „На поразот во теснините крај Аој го противпостави потиснувањето на Римјаните кај Атраг; за првата прилика, кога не успеаја да ги додржат премините кон Епир, во прв ред ги обвини оние што невнимателно ја вршеа стражарската должност, а потоа и начинот на кој лесната пешадија и платениците се бореа во самата битка; но фалангата на Македонците опстоја и тогаш, а на погодно место, во израмнет судир, секојпат ќе остане непобедена"[16]. Секако, треба да се има на ум дека станува збор за типичен говор пред битка, кој треба да ги насрчи војниците и во кој вообичаено има претерувања[17]; згора на тоа, не знаеме кој бил изворот на Полибиј за овие говори, така што не можеме да бидеме сигурни дека не станува

беа обиколени од непријателот, кој притискаше и однапред, и одзади. Ако победниците ја продолжеа потерата по оние што бегаа, ќе пропаднеше целата војска на кралот; но, на коњаниците им пречеше тешкиот и непогоден терен, а на пешаците – тежината на нивната бојна спрема".

[15] Liv., 32.12.9.

[16] Liv. (P), 33.4.1–3. Briscoe *C1, ad loc*.

[17] *Cf.* Polyb., 18.23.4 (говорот на Фламинин пред Киноскефала).

збор за книжевна конструкција[18]. Па сепак, сево ова не може да го смени впечатокот дека фалангата добро си ја завршила работата. Ако станува збор за автентични поенти на Филип – без разлика колку би го преувеличил успехот, односно би го намалил неуспехот кај Аојските Теснини, кралот сепак не можел да ги измами истите војници што биле со него само една година пред тоа. Од друга страна, ако станува збор за конструкција на Полибиј, тогаш треба да се има на ум неговото начело дека при пишувањето говори историографот мора да води сметка не само за тоа *што* било кажано туку и *зошто* било кажано[19]. Според ова, дури и да станува збор за целосно измислена конструкција на Полибиј, стои заклучокот дека при описот на битката кај Аојските Теснини тој прави разлика меѓу однесувањето на фалангата и однесувањето на другите одреди – инаку, говорот што му го припишува на Филип не би имал никаква смисла.

Овој заклучок се судира со текстовите на Ливиј и Плутарх, кои, како што кажавме, го користеле токму Полибиј. Сепак, проблемот има решение. Што се однесува до Плутарх, неговиот приказ очигледно е скусен и стегнат, што воопшто не ја исклучува можноста дека Полибиј во неговиот приказ правел јасна разлика меѓу однесувањето на лесната пешадија и платениците од една, и фалангитите од друга страна, како што прави и во говорот на Филип. Вистина е дека Ливиј зборува не само за бегство на македонската војска туку и за општа паника меѓу војниците; но, треба да се запомни дека, освен Полибиј, Ливиј веројатно користел и некој аналист, па, ако се спореди со Плутарх, неговиот приказ многу повеќе претегнува на римска страна. Второ и многу поважно, преку споредбата на Ливиј со Полибиј, или барем со други автори што го користеле Полибиј, може да се забележи дека Ливиј често

[18] *Cf.* Walbank *HCP II*, кој сепак претпоставува дека ударните поенти не се конструкции на Полибиј, туку треба навистина да му се припишат на Фламинин. Ако ова е точно, би можеле да претпоставиме дека и за говорот на Филип Полибиј користел извор што барем во општи црти бил запознаен со она што го кажал кралот.

[19] *E.g.* 2.56.10, 12.25b, 25i, 36.1.1–7. За говорите кај Полибиј, *v.* Wiater (2014), 121–135; id. (2010), 67–107; Usher (2009), 487–514; Walbank (1985), 242–261; Pédech (1964), 259–276.

вметнува епизоди на паника, иако нема такви во приказот на ахајскиот историограф[20]. Според сево ова, пофалбата на Филип кај Полибиј има поголема тежина за битката кај Аојските Теснини одошто збиениот преглед на Плутарх или пак пристрасниот приказ на Ливиј[21].

Сразмерно малите загуби на Македонците стануваат уште посилен, ако не и пресуден аргумент, ако се земе предвид дека амбициозниот и суетен Фламинин во тој миг не можел да знае дали истата година ќе добие уште една можност за решавачки судир со Филип, ниту пак дали заповедништвото ќе му биде продолжено за уште една година[22]. Секако, ние знаеме дека конзулите следната година ќе бидат задржани во Италија (Liv., 32.28), а Фламинин ќе добие можност да се соочи со Филип кај Киноскефала; но, во време на судирот кај Аојските Теснини, било сосема веројатно дека тоа е единствената прилика за Фламинин да ја заврши војната. Фактот што не успеал да му нанесе решавачки пораз на Филип покажува – веројатно подобро од кој било друг аргумент – дека македонската војска не била разбиена до онаа мера во која сака да нè убеди Ливиј.

Ако ова е точно, тогаш фалангитите сепак успеале вешто и ладнокрвно да се извлечат од една крајно критична ситуација. Освен што станувало збор за битка во теснец, па теренот не бил идеален за повлекување на фалангата, успехот е дотолку повпечатлив ако си приспомнеме дека крилата веќе биле разбиени, а фалангата веќе влегла во битка со легионерите, кои извршиле челен напад. Приказот на Полибиј не е зачуван, па не можеме поточно да оцениме на кој начин фалангата успеала да се измолкне; сепак, останува впечатокот дека нејзиниот боен поредок не се распаѓал толку лесно колку што би можело да се заклучи од приказот на Полибиј, или пак од случувањата кај Пидна.

[20] Walsh (1954), 114.

[21] *Cf.* Kromayer (1907), 47.

[22] *Cf.* Pol., 18.9.5–11.2; Liv., 32.32.5–8; Plut., *Flam*. 7.1. Walbank *HCP II*, 559 *sqq.*; Briscoe *C1*, 222.

## 3.

По битката кај Аојските Теснини, Филип се повлекол во Тесалија, а Фламинин се упатил кон Епир. Свесен дека по овој пораз не може да ја брани Тесалија, особено зашто сега и Ајтолците и Аминандар поактивно се вклучиле во војната, Филип решил целосно да уништи неколку градови, главно по течението на реката Енипеј, а населението да го поведе со себе во Македонија[23]. Најверојатно станувало збор за одлука мотивирана од стратешките определби за одбрана на Македонија. Пустошејќи по течението на Енипеј, тој му оставал на Фламинин само една можност за напредување кон Лариса, односно кон Македонија – по линијата Фалорија – Атраг[24]; затоа и не е чудно што токму Фалорија и Атраг биле утврдени со дополнителни воени посади[25].

По падот на Гомфи и престојот во Епир[26], Фламинин се упатил во Тесалија. Колку што на Филип му било важно да добие време за да ја преустрои и да ја засили војската, исто толку му било важно на Фламинин побргу да се пробие до Лариса и Темпе и, ако може, да го принуди Филип на нова, овојпат решавачка битка. Од бојната сезона останувале уште неколку месеци[27]; се ближел мигот кога во Рим ќе се расправа за распределбата на провинциите за следната година. Ако сакал да се прослави како победник над Филип, Фламинин морал да дејствува што побргу. Прва на удар се нашла

---

[23] Liv., 32.13.5–9. Briscoe *C1*, *ad loc*.

[24] *cf.* Eckstein (1976), 136; *contra* Walbank (1940), 154.

[25] Според Ливиј (32.15.1), во Фалорија имало воена посада од 2 000 војници; тој не кажува колку точно броела воената посада во Атраг, но истакнува дека Филип повремено им праќал засилувања на градовите што биле загрозени (32.15.9).

[26] Вообичаено се претпоставува дека Фламинин минал приближно еден месец (јули) во Епир (*e.g.* Hammond *in HM3*, 426; Walbank (1940), 319). Сепак, Eckstein (1976, 133 n.47 *& sqq*.) дава неколку убедливи аргументи дека престојот во Епир траел покусо одошто се мисли – можеби неколку недели, а можеби дури и помалку.

[27] Според традиционалната реконструкција, Фламинин влегол во Тесалија на почетокот на август; но, ако реконструкцијата на Екстин е точна, тој можеби се појавил во Тесалија веќе во втората половина на јули.

Фалорија, чија посада дала жесток отпор, но најпосле сепак морала да се предаде[28]. Поради проблеми со снабдувањето, Фламинин морал да се врати во Гомфи, па дури потоа се појавил пред Атраг. Бојната сезона полека одминувала, но сега веќе се наоѓал на дваесетина километри од Лариса[29]. Ако успеел набрзина да го освои Атраг, сè уште би можел да го принуди Филип на нова битка. Секако, никој не можел да гарантира дека Филип по секоја цена ќе се обиде да го спречи римското навлегување во Македонија, односно дека ќе прифати битка кај Темпе; но, ако сакал решавачка победа во 198 г., Фламинин немал друг избор – сè зависело од опсадата на Атраг. Сосема неочекувано, неговите планови – какви и да биле – се распрснале пред непробојната фаланга. Детален опис на случувањата дава Ливиј (32.17.4–18.8):

> „Во меѓувреме, консулот беше зафатен со една опсада што се покажа подолга и потешка одошто се очекуваше, и против која непријателите дадоа непредвиден отпор. Имено, тој претпостави дека најголемиот труд ќе оди на уривање на бедемот и дека, откако ќе им отвори влез во градот на своите оруженици, ќе уследи бегање и колеж какви што обично се случуваат кога се освојува град; но, откако дел од бедемот беше урнат со јарци, а војниците почнаа да се качуваат врз шутот и да влегуваат во градот, ги пречека нова и негибната неприлика. Македонските стражари, многубројни и одбрани борци, просудија дека ќе добијат особена чест ако го одбранат градот не со помош на бедемот, туку поскоро со своето оружје и храброст, па се збија во густ и длабок строј; веднаш штом видоа дека Римјаните почнале да се качуваат по шутот, ги потиснаа назад, на терен полн со препреки и сосем непогоден за повлекување.

[28] Liv., 32.15.1–3. Walbank (1940, 319) претпоставува дека опсадата на Фалорија траела приближно две недели.

[29] Liv., 32.15.8; Briscoe *C1*, *ad loc*.

Ова го вознемири консулот, кој ценеше дека неславниот пораз не само што ќе значи одолговлекување на освојувањето на еден град туку ќе се одрази и врз исходот на целата војна – која, во општи рамки, и зависеше од вакви мали нешта. Откако даде да се отстрани шутот од урнатиот бедем, тој заповеда да се довлечка една подвижна кула со огромна височина, на чии катови стоеја многу вооружени борци; продолжи да праќа одред по одред во градот, со цел, ако може, да го разбие бојниот строј на Македонците, кој тие го нарекуваат 'фаланга'. Но, видот на вооружување и поредокот на непријателите се покажаа посоодветни за збиениот простор и за не многу широкиот отвор низ разурнатиот бедем. Кога ги вперија пред себе копјата со огромна должина, челото на Македонците заличи на ѕид од густо поредени штитови. Откако напразно ги испофрлаа своите копја, Римјаните извлекоа мечеви, но ниту можеа да пристапат поблизу, ниту пак да ги пресечат шилците на копјата; дури и да успееја да скршат или да пресечат некој шилец, остриот врв од спици и натаму стоеше меѓу шилците на здравите копја, исправени како вистински ѕид. Згора на тоа, делот од бедемот што остана да стои им ги штитеше страните, а и не мораа ниту да напаѓаат, ниту пак да се повлекуваат на подолго растојание, што обично го растура бојниот ред. Уште повеќе ги насрчи и една случајност: додека Римјаните ја придвижуваа кулата по земјата што претходно не беше добро набиена, едно од тркалата пропадна во земјата и толку ја наведна целата кула што непријателите – но и уплашените борци на неа – поверуваа дека ќе се преврти.

Освен што не постигна речиси никаков успех, консулот беше вознемирен и затоа што остави простор да се споредат спротивставените строеви и нивните оружја; згора на сè, сфати дека нема ниту опиплива надеж за успешен крај на дејствијата, ниту

пак начин да се презими толку далеку од морето, во земја опустошена од битки. Опсадата беше крената, иако во цела Акарнанија и Ајтолија немаше ниту едно пристаниште што би ги собрало сите бродови со намирници за војската, а во исто време да има и покриени зимувалишта за легиите.“

Според Ливиј, настојчивоста[30] на Фламинин пред сѐ се должела на стравувањето на консулот – каков психолошки ефект ќе има евентуалниот неуспех. Но, ако конечната цел на Фламинин била да наметне решавачка битка уште во 198 г.[31], тогаш неуспехот кај Атраг имал многу посериозни последици: со својот упорен отпор, фалангата му ја одзела можноста да ја заврши војната пред истекот на неговата служба. Му останала само надежта дека неговите пријатели во Рим ќе успеат да му обезбедат пророгација на заповедништвото[32]. Во секој случај, судирот бил доволно жесток за дури и Ливиј да признае дека одликите и постигањата на фалангата оставиле мачен впечаток врз римските војници[33].

За жал, иако сразмерно опширен, приказот на Ливиј не ни дава подетален увид во борбите и во тактиката на двете страни. На пример, би било добро да знаеме што точно се крие зад изразот „се

---

[30] Според Kromayer (1907, 109), опсадата траела еден-два месеци; Walbank (1940, 319 *sqq*.; *cf*. *HCP II*, 548 *sqq*.) мисли дека тоа е предолго, зашто не останува место за другите настани од 198 г. Сепак, ако се земе предвид дека хронологијата на последните настани од 198 г. не може да се утврди со целосна точност, а и дека е сосем можно Фламинин да влегол во Тесалија неколку недели порано одошто обично се мисли – тогаш може да се издвои барем еден месец за опсадата, што со оглед на сите настани – уривањето на дел од бедемот, првичниот неуспешен налет, расчистувањето на шутот, повторните налети – се чини дека е неопходен минимум.

[31] *v*. Eckstein (1976), 134–136.

[32] За стравувањето на Фламинин дека нема да успее лично да ја заврши војната, како и за неговите махинации со цел да обезбеди пророгација или да склучи мир со Филип пред да биде испратен нов заповедник, *v*. изворите во бел. 22.

[33] Ова е уште еден посреден показател дека кај Аојските Теснини фалангата не била разбиена; инаку, впечатокот што го оставила кај Атраг би бил помал и послаб.

збија во густ и длабок строј": дали фалангата се распоредила во двојна длабочина од 32 реда, во некоја друга длабочина, или пак во некоја посебна формација соодветна на ситуацијата[34]. Интересна е и забелешката дека римските *pila* – примарното оружје на легионерите во II век[35] – немале никаков ефект врз збиената

[34] *cf.* Liv., 2.31.2 со анализата на Ogilvie (1965), *ad loc*. Ливиј користи сличен избор на зборови и при описот на битката кај Киноскефала (33.8.14): „во исто време, со цел бојниот ред да не биде лесно пробиен, го стесни челото на стројот на половина, а ја удвои длабочината, строејќи ги војниците кон задниот дел, така што стројот одеше повеќе во длабочина одошто во широчина; на борците им заповеда да се збијат: тело да допира тело, а оружје – друго оружје". Плутарх го толкува ова како *synaspismos* (*Flam*. 8.4): „на десното крило претегна Филип, кој од едно повисоко место ја фрли целата фаланга врз Римјаните; дури ни најдобрите римски борци не можеа да ја издржат тежината на споените штитови и жестокоста на вперените шилци". Меѓутоа, не само што современите историчари не се согласуваат за можните разлики меѓу *pyknosis* и *synaspismos*, туку Полибиј (кој очигледно е изворот и за Ливиј, и за Плутарх) двата поими ги сфаќа како синоними (*cf.* Walbank *HCP I*, 286 *sqq*.), па, меѓу другото, за истото ова престројување кај Киноскефала вели: „откако ги пречека борците, сите ги построи на десното крило – и пешаците, и коњаниците – а на пелтастите и на фалангитите им заповеда да ја удвојат длабочината и да се збијат кон десната страна" (18.24.8). Очигледно е дека Ливиј воопшто не го познава начинот на кој функционира фалангата и често се судира со тешкотии кога треба да ги опише нејзините маневри (Briscoe *C1*, 263); може да се претпостави дека и во случајот на Атраг авторот или поедноставил, или недоволно разбрал што точно опишува Полибиј. За прашањето *pyknosis* / *synaspismos*, *v.* Pritchett (1991), 151–154 (со преглед на изворите и на поважната современа литература).

Најпознат пример за тоа во колкава мера Ливиј не ја разбира фалангата е токму описот на првичните заповеди на Филип кај Киноскефала. Зборовите на Полибиј: „откако завршија со тоа, а непријателите веќе им излегоа пред очи, фалангитите добија заповед да ги спуштат копјата и да се втурнат напред, а лесните пешаци – да им ги чуваат страните" (18.24.9), Ливиј ги превел: „им заповеда на фалангитите да ги фрлат копјата, чија должина им пречеше, и да влезат во битка со мечови" (33.8.13). Како што заклучува Walsh (1958, 84 *sqq*.), погрешниот превод на „καταβάλλειν" со „positis" е разбирлив од јазична гледна точка, но во исто време сведочи дека Ливиј нема никаков поим за тоа како функционира фалангата.

[35] Pol. 6.23.8–11; *cf.* Walbank *HCP I*, *ad loc*.

фаланга. Во секој случај, благодарение на релативно погодниот (иако не и идеален) терен, на посоодветната опрема[36] и, можеби најважно, на фактот што крилата ѝ биле заштитени од бедемите, фалангата успеала да им одолееe на нападите; но, тоа е во суштина сè што може да се каже за опсадата на Атраг.

## 4.

По неуспехот кај Атраг, Фламинин морал да се повлече од Тесалија поради логистички проблеми[37], со што можеме да го привршиме и приказот на дејствувањето на фалангата во 198 г. Во продолжение, сосема кусо ќе се задржиме на Киноскефала и Селасија, зашто колку и да се впечатливи постигањата на фалангата во 198 г. – особено ако нашите претпоставки за повлекувањето од Аојските Теснини се точни – останува фактот дека овие судири се одвивале на терен што, иако не бил идеален, сепак бил погоден. Но, тоа не би можело да се каже и за битките во 222 и 197 г.

### а.

Со оглед на тоа што за нас е најважно дејствувањето на десното македонско крило, во оваа прилика нема потреба од детален приказ и анализа на кампањата во 197 г., ниту пак од опис на севкупниот тек на битката[38]; се вклучуваме во клучниот момент, кога Филип, наспроти сите резерви во однос на бојното поле, односно несоодветноста на теренот за фалангата[39], сепак решава да влезе во пресудна битка (18.24):

[36] И при описот на дејствувањето на десното македонско крило кај Киноскефала, Полибиј повторно ја истакнува надмоќноста на македонската опрема во дадената ситуација (18.25.2). Очекувано, во анализата на причините за привремената премоќ на фалангата на десното крило, Ливиј (33.9.3) го изоставa овој елемент.

[37] За активностите на Фламинин по заминувањето од Тесалија, *v.* Eckstein (1976), 136 *sqq*.

[38] *v.* Kromayer (1907), 57–94, 109–115; Walbank *HCP II*, 572–585; Briscoe *C1*, 256–266; Hammond (1988a), 60–82.

[39] Pol., 18.22.8–10.

„Откако виде дека поголемиот дел од неговата војска е построен пред логорот, Филип ги поведе напред пелтастите и десното крило на фалангата и брзо се искачи на ридот, а на оние околу Никанор, кого го нарекуваа 'Слон', им порача да се погрижат остатокот од војската да тргне веднаш по него. Веднаш штом првите редови стасаа до превалецот, ја сврте војската кон лево и ги зафати погодните места над превалецот; височините беа пусти, зашто македонската претходница силно притискаше на Римјаните од другата страна на ридот. Уште додека го ширеше десното крило на војската, се појавија платеничките одреди под силна непријателска потера; имено, откако на римската лесна пешадија ѝ пристапија на помош тешките оруженици, како што спомнав пред малку, овие како да добија противтег на неприликите, па силно удрија врз непријателските редови и многумина убија. Во прво време кралот се израдува, зашто виде дека судирот со лесните пешаци се одвива недалеку од непријателскиот логор; но потоа забележа дека неговите борци попуштаат и дека им е потребна помош, па се нафати да им помогне и да ја реши битката токму тогаш, иако поголемиот дел од фалангата сè уште се движеше и се качуваше по падините на ридот. Откако ги пречека борците, сите ги построи на десното крило – и пешаците, и коњаниците – а на пелтастите и на фалангитите им заповеда да ја удвојат длабочината и да се збијат кон десната страна. Откако завршија со тоа, а непријателите веќе им излегоа пред очи, фалангитите добија заповед да ги спуштат копјата и да се втурнат напред, а лесните пешаци – да им ги чуваат страните. Во исто време, и Тит ја собра сопствената претходница во празнините меѓу манипулите, а потоа удри врз непријателот."

Иако битката се развила на неповолен терен, малку недостигало Македонците да извојуваат победа на десното крило[40], што се должело на организираното и вешто престројување на фалангитите што ги предводел Филип; искачувањето на височите, свртувањето в лево, престројувањето од строеви во боен поредок, распоредувањето на лесната пешадија на крилата и почетокот на јуришот удолу – очигледно, ништо од ова не го нарушило поредокот на фалангата. Да потсетиме, нашата цел не е да дадеме опсежна анализа на битката, туку да посочиме дека, дури и на неповолен терен, фалангата не била ниту толку трома, ниту толку беспомошна како што би можело да се заклучи од толкувањето на Полибиј. На крајот, сето тоа ќе се покаже залудно, и Филип ќе претрпи тежок пораз; но, тешко дека вината за ваквиот исход треба да се бара кај фалангата[41].

## б.

Колку и да изгледа впечатливо маневрирањето на десното крило кај Киноскефала, тоа било изведено пред македонскиот строј да се сретне со легиите. Згора на тоа, Полибиј изречно тврди дека успехот на фалангата делумно се должел на тоа што напаѓала од

[40] *cf.* Pol., 18.25.2: „десното крило на Филип блескотно ја надрасна бојната опасност“ итн.

[41] Hammond (1988a, 76) признава дека главната заслуга за победата му припаѓа на Фламинин, кој ладнокрвно реагирал на сите предизвици, но сепак истакнува дека ако тој ден немало магла, Филип воопшто не би ни прифатил битка; дека ако првичниот судир се случел порано, тој не би испратил значителен дел од војската да собира намирници; дека ако неименуваниот трибун не ја преземел иницијативата на своја рака, победата сè уште би била возможна. Во Hammond *in HM3*, 441, n. 2, тој духовито забележува дека, ако наместо Никанор „Слонот“ го имал Парменион, Филип и покрај сè можеби ќе победел. Сиве овие забелешки стојат, но, во крајна линија, одговорноста за поразот лежи токму кај Филип: понесен од претераните известувања за победата во почетната фаза, тој се впуштил во битка и покрај тоа што теренот не бил идеален, што немал јасен преглед на случувањата и распоредот на легиите и, најважно од сè, што голем дел од војската не само што не бил построен за битка туку и воопшто не бил присутен во мигот кога Филип заповедал јуриш на десното крило. *Cf.* Eckstein (1995), 183–187.

повисоко место[42]. Но, ова не може да се каже и за битката кај Селасија, каде Антигон Досон морал да го нападне Клеомен III, утврден на височите Евас и Олимп. И овојпат нема ниту простор, ниту потреба од детална анализа на битката[43]; доволно е да се задржиме на дејствувањето на „бронзените штитови“[44] на десното сојузничко крило:

> „Наспроти оние кај Евас кралот ги построи македонските халкаспиди и Илирите, поредени наизменично едни по други, а за водачи им ги одреди Александар, синот на Акмет, и Деметриј од Фарос“ (Pol., 2.66.5).
>
> „Кога дојде часот да се вкрсти оружјето, Илирите добија знак и тргнаа да си ја извршат задачата. Сите се кренаа и се покажаа во исто време, па почнаа да го напаѓаат ридот“ (Pol., 2.67.1).
>
> „Иако гледаа дека непријателот наближува, Еуклејд и неговите луѓе решија да не ги искористат предимствата на нивната положба – значи, ниту да го пресретнат непријателот од далеку, ниту пак да го нападнат, да му го нарушат стројот и потоа безбедно да се повлечат на повисоко место; со ова ќе го урнеа

[42] Но ова не го менува фактот дека, дури и движејќи се удолу, во боен ред и веќе влезени во битка со легиите – фалангитите не го нарушиле стројот. Со оглед на тоа што сарисата во хеленистичко време најчесто била долга 14 кубити (~6,3 метри), да се одржат стројот и поредокот на удолнина не е толку едноставно колку што може да изгледа.

[43] За битката кај Селасија, *v.* Le Bohec (1993), 405–446; Walbank *HCP I*, 272–287.

[44] Повеќето современи историчари се сомневаат дека, во овој случај, зад „бронзените штитови“ всушност се кријат пелтастите. Ако ова е точно, тогаш судирот на Евас нема важност за нашава дискусија зашто, иако по потреба се бореле заедно со фалангата, пелтастите биле посебен род во македонската војска, а нивната опрема се разликувала од онаа на фалангитите. Сепак, претегнува убедливата анализа на Le Bohec (1993, 426 *sqq*), која успева да ја одбрани идентификацијата на халкаспидите како фалангити. *Cf.* Hatzopoulos (2001), 74 *sqq*. За пелтастите, *ibid.*, 66–73; Sekunda (2010), 461–463.

> предимството на непријателот во оружјето и поредокот, а поради поволноста на местото, лесно ќе го потераа во бегство. Но, овие не направија ништо од тоа, туку токму спротивното, како победата веќе да им е обезбедена – си останаа на првичната положба на височините и го чекаа непријателот да се искачи што погоре, за потоа да го присилат да се повлекува долго и по високи стрмнини. Секако, се случи спротивното: самите не си оставија место за повлекување, а прифатија борба со непријател во полн состав и во пореден строј; се најдоа во голема неприлика зашто мораа да се борат на самиот врв на ридот. Веднаш беа истиснати од тежината на непријателскиот строј и оружје; Илирите почнаа да влегуваат на нивно место, а Еуклејд и неговите луѓе мораа да се спуштат подолу од нив, зашто не им остана место ниту за да се повлечат, ниту за да се престројат. Затоа набргу се свртеа во гибелно бегство и повлекување преку карпести и непроодни стрмнини" (Pol., 2.68.3–10).

Описот е доволно јасен и нема многу што да се додаде: она што треба да се нагласи е дека халкаспидите очигледно без проблем го искачиле ридот, без да го нарушат бојниот поредок. Вториот елемент што заслужува внимание е мешаниот поредок на халкаспидите и Илирите. Досон ја презел оваа формација од Пир, кој ја користел за да ја зголеми мобилноста на фалангата во судирот со легиите[45], и во одредена смисла таа претставувала имитација на римскиот систем на манипули[46]. Интересно е што Филип ќе употреби слична тактика во поморската битка кај Хиос, каде што, свесен за вештината на Родијците, ќе успее да го ограничи ефектот од *diekplous* со тоа што меѓу големите полиери ќе постави повеќе лемби што го оневозможувале целосното спроведување на маневрот, особено во втората и клучна фаза, кога требало да се зададе главниот удар на непријателскиот брод[47]. Но, ниту тој, ниту

[45] Pol., 18.28.10; Walbank *HCP II, ad loc.*

[46] Lévêque (1957), 542.

[47] Polyb., 16.4.4–15.

Персеј по него не се обиделе да ѝ парираат на легијата со истата или со некоја слична формација.

## 5.

Јасно е дека Киноскефала и Селасија не треба да се земаат како аргументи дека фалангата би била рамноправен противник на легионерите на каков било терен; станувало збор за уникатни ситуации, што не може да се генерализираат. Впрочем, модификацијата на фалангитската линија на вештиот Пир јасно покажува дека и тој бил свесен за послабата подвижност на фалангата, барем во споредба со манипуларниот распоред на легиите. Па сепак, она што важи за Селасија и Киноскефала, мора да важи и за Пидна, каде што колежот на фалангата оди исклучиво на душа на Персеј. Прво, со тоа што го преместил кампот од првичната местоположба, тој извршил стратешки притисок врз Ајмилиј, но ја жртвувал тактичката предност[48]; второ, и уште најважно, тој уште на самиот почеток на битката целосно ја загубил контролата врз сопствената војска.

Секако, Полибиј и подоцнежните извори можеле да се впуштат во споредбени анализи и, на некој начин, да создадат привид дека секој судир меѓу манипулите и фалангата мора да заврши со пораз на фалангата[49]; сепак, однесувањето на римските заповедници во текот на II и III македонска војна покажува дека – барем за нив – исходот не бил однапред извесен. Настојувањето, пак, на Полибиј дека фалангата може да се надева на победа исклучиво на идеален терен е схематизирање што создава погрешен впечаток: се разбира дека Македонците ќе се трудат да наметнат битка на терен идеален

[48] *Contra* Hammond *in HM3*, 556.

[49] Така, на пример, Фронтин (*Strat*. 2.3.20) пишува дека Ајмилиј извел лажно повлекување со надеж дека, штом фалангата ќе пристигне на нерамен терен, нејзиниот поредок ќе се наруши. Но, Хамонд (1984, 42 *sqq*.) убедливо докажува дека описот, всушност, се однесува на првичното повлекување на Ајмилиј, кога Римјанинот сосем неподготвен налетал на македонската војска; во таа прилика, негова прва и единствена цел била да ја извлече војската од критичната ситуација и, како што може да се заклучи од понатамошните мерки, да избегне судир со фалангата.

за фалангата, исто како што и Партите ќе бараат идеален терен за својата надмоќна коњаница, а Римјаните ќе се трудат да наметнат пресудна битка на терен каде што легијата ќе има предност против Германите. Но, она што беше јасно покажано на претходните страници е дека фалангата не смее да се потцени дури и кога дејствува на неповолен терен – впрочем, фалангата ќе биде најблиску до победа против легиите токму кај Киноскефала[50].

Влијанието на ваквиот привид добро се гледа, на пример, во анализата на В. Тарн во неговото влијателно дело за војската во хеленистичко време. Тарн истакнува дека во III век фалангата била „сразмерно успешна" дури и во судирите против легиите[51], но дека подоцна, кога започнале големите војни меѓу Рим и хеленистичките кралства, таа била премногу ранлива на крилата и можела да се надева на успех само ако тие се заштитени, па на крајот била „збришана" од легиите[52]. Во анализата на четирите битки што ги издвојува – Киноскефала, Магнесија, Пидна и Коринт – фалангата ќе се распадне поради теренот единствено кај Пидна. Кај Киноскефала, пресудниот удар ќе ѝ биде зададен од зад грб, кога манипулите од победничкото римско десно крило ќе се свртат против фалангата на македонското десно крило; кај Магнесија и Коринт пак, фалангата била поразена бидејќи противничката коњица ги разбила силите на нејзините крила[53]. Но, ова и не е некоја новост: најмалку од битката кај Маратон, ако не и од порано, секому му било јасно дека, без оглед колку е силен центарот, не може да се очекува победа ако се загуби на крилата и ако центарот се изложи на странични напади. Како што покажуваат битката меѓу Регул и Ксантип, но и онаа кај Кана, дури и крајно мобилните легии не можеле да се справат со истовремени странични напади.

Ова не значи дека анализата на В. Тарн не е точна. Проблемот е во тоа што, слично како и Полибиј, и тој ја идентификува македонската фаланга (која била само дел, иако несомнено најважен

---

[50] *Cf.* Hammond (1988a, 76): „When one walks over the scene of the battle, one realises how close-run the outcome of the battle was."

[51] Tarn (1930), 26.

[52] *Ibid.*, 26–28.

[53] *Ibid.*, 29–30.

дел, од македонската војска) со севкупната војска; *легиите не ја збришале фалангата, туку македонската војска*. Причините за постојаните порази на хеленистичките држави не треба да се бараат во фалангата *per se*, туку попрво во составот на нивните војски, а особено во тактичките принципи на нивните војсководци. Токму тука лежи и најголемата слабост во анализата на Полибиј, кој заборава дека македонската фаланга не е еднозначна со македонската војска. Земена во целина, македонската војска се покажала несоодветна и неспособна да се приспособи на римскиот систем на манипули. Што се однесува, пак, до фалангата, таа го задржала угледот на достоен и опасен противник најмалку до битката кај Пидна: „Кога и другите Македонци ги свртеле малите штитови пред себе, па на даден знак застанале со наведнати сариси спроти римските борци, Ајмилиј ја сфатил силата на густите редови од штитови и жестокоста на вперените копја. Силно се преплашил и се вџашил, зашто почувствувал дека никогаш пред тоа нема видено пострашна глетка; и подоцна, често знаел да си приспомне на овие чувства и на страшнава глетка“[54]. Според сè, ако сакаме да ги најдеме причините за постојаната подреденост на хеленистичките војски во однос на легиите, неопходно е да го свртиме погледот од фалангата кон другите родови и делови од хеленистичките војски.

## Библиографија


Briscoe, J. (1973), *A Commentary on Livy*, vol. 1, Oxford University Press, Oxford.

Briscoe, J. (2012), *A Commentary on Livy*, vol. 4, Oxford University Press, Oxford.

Derow, P. S. (1976), ‘The Roman Calendar, 218–191 B.C. ‘, *Phoenix* 30.3, 265–281.

Eckstein, A. M. (1976), ‘T. Quinctius Flamininus and the Campaign against Philip in 198 B.C. ‘, *Phoenix* 30.2, 119–142.

Eckstein, A. M. (1995), *Moral Vision in the Histories of Polybius*, University of California Press, Berkeley and Los Angeles.


[54] Plut., *Aem.* 19.2., врз основа на Polyb., 29.17.1: „А конзулот Левкиј никогаш пред тоа немал видено фаланга, туку за првпат тогаш против Персеј; подоцна, на многумина во Рим им признаваше дека не видел ништо пострашно и поужасно од македонската фаланга, иако и гледал, и заповедал во неброени битки”.

Hammond, N. G. L. (1966), 'The Opening Campaigns and the Battle of the Aoi Stena in the Second Macedonian War', *The Journal of Roman Studies* 56.1-2, 39–54.

Hammond, N. G. L. (1971), 'Antigonea in Epirus', *The Journal of Roman Studies* 61, 112–115.

Hammond, N. G. L. (1984), 'The Battle of Pydna', *The Journal of Hellenic Studies* 104, 31–47.

Hammond, N. G. L. & Walbank, F. W. (1988), *A History of Macedonia, vol. 3*, Oxford University Press, Oxford.

Hammond, N. G. L. (1988a), 'The Campaign and the Battle of Cynoscephalae in 197 BC', *The Journal of Hellenic Studies* 108, 60–82.

Hatzopoulos, M. B. (2001), *L'organisation de l'armée macédonienne sous les Antigonides. Problèmes anciens et documents nouveaux*, (ΜΕΛΕΤΗΜΑΤΑ 30), Diffusion de Boccard, Athenes.

Kromayer, J. (1907), *Antike Schlachtfelder in Griechenland, band 2*, Weidmannsche Buchhandlung, Berlin.

Le Bohec, S. (1993), *Antigone Dôsôn, Roi De Macédoine*, Presses Universitaires de Nancy, Nancy.

Lévêque, P. (1957), *Pyrrhos*, de Boccard, Paris.

Ogilvie, R. M. (1965), *A Commentary on Livy, books 1-5*, Oxford University Press, Oxford.

Pédech, P. (1964), *La méthode historique de Polybe*, Société d'édition "Les Belles Lettres", Paris.

Pédech, P. (1969), 'Polybe hipparque de la Confédération achéenne (170-169 avant J.-C.) ', *Les Études Classiques* 37.3-4, 252–259.

Pritchett, W. K. (1991), *The Greek State at War, part V*, University of California Press, Berkeley – Los Angeles.

Sekunda, N. V. (2010), „The Macedonian Army", in: Roisman, J. & Worthington, I. (eds.), *A Companion to Ancient Macedonia*, Wiley-Blackwell, Malden, MA – Oxford.

Tarn, W. W. (1930), *Hellenistic Military & Naval Developments*, Cambridge University Press, Cambridge.

Usher, S. (2009), '*Oratio Recta* and *Oratio Obliqua* in Polybius', *Greek, Roman, and Byzantine Studies* 49, 487–514.

Walbank, F. W. (1940), *Philip V of Macedon*, Cambridge University Press, Cambridge.

Walbank, F. W. (1957), *A Historical Commentary on Polybius I*, Oxford University Press, Oxford.

Walbank, F. W. (1967), *A Historical Commentary on Polybius II*, Oxford University Press, Oxford.

Walbank, F. W. (1979), *A Historical Commentary on Polybius III*, Oxford University Press, Oxford.

Walbank, F. W. (1985), 'Speeches in Greek Historians', in: Walbank, F. W., *Selected Papers. Studies in Greek and Roman History and Historiography*, Cambridge University Press, Cambridge, 242–261.

Walsh, P. J. (1954), 'The Literary Techniques of Livy', *Rheinisches Museum für Philologie* 97.2, 97–114.

Walsh, P. J. (1958), 'The Negligent Historian: 'Howlers' in Livy', *Greece & Rome* 5.1, 83–88.

Wiater, N. (2010), 'Speeches and Historical Narrative in Polybius' Histories: Approaching Speeches in Polybius', in: Pausch, D. (ed.), *Stimmen der Geschichte. Funktionen von Reden in der antiken Historiographie*, De Gruyter, Berlin, 67–107.

Wiater, N. (2014), 'Polybius on speeches in Timaeus: syntax and structure in *Histories* 12.25a. ', *The Classical Quarterly* 64.1, 121–135.

Will, E. (1982), *Histoire politique du monde hellénistique (323~30 av. J.-C.), t. 2 : Des avènements d'Antiochos III et de Philippe V a la fin des Lagides*, Deuxième édition, Presses Universitaires de Nancy, Nancy.

# Between the sword and the pen: the Macedonian phalanx and its historiographical burden

## SUMMARY

**Stefan Panovski**

Institute of National History, Skopje

noxdiaboli@yahoo.com

**Vojislav Sarakinski**

Institute of History, Faculty of Philosophy, Skopje

polemokles@fzf.ukim.edu.mk

Especially in Hellenistic times, the Macedonian phalanx was thought to be a cumbersome and vulnerable formation, whose eventual success was far too dependent of the terrain, so that it could be an equal opponent of the fluid and flexible Roman legions.

This impression of the inferiority of the phalanx as opposed to the legion is based not only on the outcome of the battle of Pydna, but also on a comprehensive breakdown offered by Polybius, who observes the peculiarities and differences between the legion and the phalanx in the context of the battle at Cynoscephalae. At first glance, his conclusions appear logical and entirely justified; Polybius skillfully exposes and explains the weaknesses of the phalanx, the advantages of the Roman legion and the reasons for the constant defeats of the Hellenistic armies. However, a more thorough scrutiny of the events at Aoi Stena and Atrax, along with certain sequences from the battles of Selasia, Cynoscephalae and Pydna, shows that the interpretation offered by Polybius is neither entirely convincing, nor entirely appropriate. It is an indisputable fact that the Roman army was stronger than the armies of the Hellenistic kingdoms: the wars of the 2nd century BC prove this

quite clearly and indisputably. The main question, however, is something entirely different: is the inadequacy of the phalanx indeed the main reason for the persistent defeats of the Hellenistic armies, especially when our sources clearly show that, contrary to whatever Polybius tends to prove, it was neither cumbersome, nor helpless?

The problem is that both Polybius and countless other historians influenced by his views identify the Macedonian phalanx – which was only a part, though undeniably the most important part of the Macedonian army – with the entire army; however, in the episodes intended to serve as proof, the legions do not defeat the phalanx, but the army. One should not explain the persistent defeats of the Hellenistic armies with the inadequacies of the phalanx as a formation, but rather with the inadequate composition of the armies and, above all, with the inadequate tactical principles of their military leaders. Taken as a whole, the Macedonian army proved to be incapable of adapting to the Roman system of maniples; but Polybius and others overlook that the phalanx and the army are not synonymous. In order to explain the constant inferiority of the Hellenistic armies to the Roman legions, we ought to look at the other constituent units and formations.

*Key words: phalanx, legion, historiography, Aoi Stena, Atrax, Cynoscephalae, Pydna.*